Македонско Друштво "Илинден" - Тирана
Shoqata Maqedonase "Ilinden" - Tiranë

# ИЛИНДЕН



ВЕСНИК НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО „ИЛИНДЕН“ - ТИРАНА

Јас го разбирам светот единствено како поле за културен натпревар меѓу народите - ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

ГОДИНА XIII БРОЈ 61 ТИРАНА - АЛБАНИЈА www.vesnik-ilinden.com ISSN 2522-4514 ЈАНУАРИ/МАРТ 2024 ГОДИНА

Во овој број

**Страница 2**

ПЕТНАЕСЕТ ГОДИНИ ПОСТОЕЊЕ НА МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА

**Страница 3**

PESËMBËDHJETË VJET NGA THEMELIMI I SHOQATËS MAQEDONASE “ILINDEN”-TIRANË

**Страница 5**

МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА ЈА ДОДЕЛИ НАГРАДАТА “ИЛИНДЕН” И БЛАГОДАРНИЦАТА “ИЛИНДЕН” ПО ПОВОД ПЕТНАЕСЕТГОДИШНИНАТА ОД ПОСТОЕЊЕТО

ПОСЛЕДЕН ПОЗДРАВ НА ФОТЕ НИКОЛА, ИСТАКНАТ МАКЕДОНСКИ АКТИВИСТ И БОРЕЦ ЗА ПРАВАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО АЛБАНИЈА

**Страница 6**

ТЕЛЕГРАМА ОД МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА СО СОЧУВСТВО ДО ФАМИЛИЈАТА НА ФОТЕ НИКОЛА

МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА: ОТВОРАЊЕТО НА ВОННАСТАВНИТЕ МОДУЛИ НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК, ИСТОРИСКИ ДЕН ЗА МАКЕДОНЦИТЕ ВО АЛБАНИЈА

МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА И РАКОМЕТНИОТ КЛУБ “ЕНХАЛОН“ ОД СТРУГА ДОНИРАА ПАКЕТЧИЊА ЗА ДЕЦА ВО ТРЕБИШТЕ, ГОЛО БРДО

**Страница 7**

МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА ДОНИРАШЕ ВО БИБЛИОТЕКАТА НА АЛБАНСКИОТ ПАРЛАМЕНТ ПРИМЕРОЦИ ОД ФОТОАЛБУМОТ „НАРОДНИ НОСИИ НА МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО МАЛЦИНСТВО ВО АЛБАНИЈА“, ОД БРОШУРАТА НА РАБОТНАТА ГРУПА НА СЛОВЕНСКИТЕ МАЛЦИНСТВА ПРИ ФУЕН И ПРИМЕРОЦИ ОД ВЕСНИКОТ “ИЛИНДЕН“

МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА СО ОСТРА ОСУДА ЗА ИНСИСТИРАЊЕТО НА БУГАРСКИОТ ПРЕТСЕДАТЕЛ РУМЕН РАДЕВ, КОЈ ВО ОБЛАСТА ГОРА БАРА ОД КОСОВСКИТЕ ВЛАСТИ ПРИЗНАВАЊЕ БУГАРИ НА КОСОВО ВО ПРЕДЕЛИ КАДЕ ЖИВЕАТ МАКЕДОНЦИ

**Страница 8**

КУЛТОТ НА СВЕТИ НАУМ ВО АЛБАНИЈА

**Страница 9**

ЗАПОЧНА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ИПАЗ ПРОГРАМАТА ЗА ПРЕКУГРАНИЧНА СОРАБОТКА МЕЃУ МАКЕДОНИЈА И АЛБАНИЈА

**Страница 10**

ТИРАНА Е ПРОГЛАСЕНА ЗА МЕДИТЕРАНСКА ПРЕСТОЛНИНА НА КУЛТУРАТА И ДИЈАЛОГОТ ЗА 2025 ГОДИНА

**Страница 11**

ЗАПЛЕНЕТИ НАД 600 ПРЕДМЕТИ УКРАДЕНИ ОД ЦРКВИ



## ПЕТНАЕСЕТ ГОДИНИ ПОСТОЕЊЕ НА МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА




На 6 февруари 2009 година беше формирано Македонското друштво "Илинден"-Тирана, а оваа година се навршуваат петнаесет години од неговото постоење и работа. Македонско друштво "Илинден"-Тирана е регистрирано во Основниот суд во Тирана, а со цел заштита и афирмација на македонскиот етнички, јазичен, културен, верски, историски и државен идентитет на Македонско национално малцииство во Република Албанија.

Од особено значење за работата и информирањето за активностите на Македонското друштво "Илинден"-Тирана е објавувањето на македонскиот весник "Илинден" кој покрај печатеното има и електронско издание. Во него се објавуваат различни аспекти од животот на Македонците во Република Албанија.

Со оглед на фактот што интересот за работата на Македонско друштво "Илинден"-Тирана постојано растеше, а македонските жители во Голо Брдо, Елбасан активно се вклучија во неговата работа, беше предизвик за отворање на ограноци на Друштвото. Така, на 15. 10. 2012 година Македонско друштво "Илинден"-Тирана отвори свој огранок во областа Голо Брдо. Неговата цел е заштита на интересите, културата и традицијата на македонското национално малцинство во областа Голо Брдо.

Растот на Македонското друштво "Илинден"-Тирана го бележиме и во 2021 година, кога беше назначен и координатор на Македонското друштво "Илинден"-Тирана за округот Елбасан.

Имајќи ја предвид потребата да се контактира со институциите во татковината, пред сè заради поддршка на значајни проекти за Македонците во Република Албанија, во 2020 година беше именуван генерален координатор на Македонското друштво "Илинден"-Тирана за татковината Македонија.

Долгогодишната присутност на Македонското друштво "Илинден"-Тирана во Федералната унија на европските националности и други меѓународни организаци ја покажа потребата од назначување на Меѓународен кординатор на Македонско друштво "Илинден"- Тирана што беше реализирано во 2023 година.

Македонското друштво "Илинден"-Тирана, за периодот од петнаесет години
оствари безброј средби со многу државни институции во извршната и локална власт, а соработката ја проширивме со невладиниот сектор, во земјата и странство.

Македонско друштво "Илинден"-Тирана е член на Федералната унија на европските националности од 16. мај 2015 година и дел од Работната група на словенските малцинства при ФУЕН. Како активен партиципиент во ФЕУН, членови на Друштвото досега учествува во сите конгреси и поднесува резолуци, што придонесува Македонското друштво "Илинден"-Тирана да биде рамноправен член и силен глас на македонското национално малцииство од Албанија.

Во изминатите петнаесет години претседателот на Македонско друштво "Илинден"- Тирана, заедно со неговите соработници, имаше можност да оствари бројни работни и официјални посети, да се сретнат и да соработуваат со владини институции, како во Република Албанија, така и во матичната држава Македонија, како и со меѓународни организации.

При сите реализирани средби со претставниците на државните институции во Република Албанија, во матичната држава Македонија и европските институции, како Друштво, ја користевме секоја прилика да размениме мислења за важни прашања за унапредувањето на положбата и правата на македонското национално малцинство во Република Албанија. Иако не секогаш наоѓаме заедничко или задоволително решение за одреден проблем, сепак должна благодарност искажуваме на сите државни институции во Албанија, Македонијаи низ светот.

Како претседател на Друштвото ја користам оваа прилика да упатам добронамерна критика до Владата на Република Албанија и до надлежните министерства и организации да посветат посебно внимание и позитивно да одговорат на нашето барање за настава на мајчинот македонски јазик за децата во областите Голо Брдо и Гора, и насекаде каде има значителен број Македонци.

Бараме Владата да изврши промена на штетната територијална организација на локалната самоуправа и да ги прифати општините во областите Голо Брдо и Гора каде живеат Македонци, да бидат посебни и независни од други општини.

Исто време бараме од Владите на Албанија и Македонија целосна функционалност на граничниот премин Требиште – Џепиште во областа Голо Брдо, кој што е потребен за да може луѓето полесно да комуницираат од двете страни на границата.

Нашите ставови за Законот за националните малцинства во Република Албанија се исти како и пред донесувањето на овој Закон во 2017 година. Неколкупати укажавме, дека Законот треба да ги реши горливите проблеми на националните малцинства, но со новодонесениот Закон се постигна токму спротивен ефект. Донесе дополнителни проблеми, кои се негативни не само за Македонците, туку и за Република Албанија во целина.

Го повикуваме Комитетот за национални малциства да покаже поголема активност за малцинствата и за

македонско национално малцство во Република Албанија, а не да биде во сенка. Комитетот треба да ги воздигне малцинствата и да им помага во борба за опстанок во Република Албанија.
Истовремено бараме од Владите на Албанија досегашното тело Комитетот за национални малцинства од консултативно тело на Владата да прерасне во Агенција за национални малцинства со посериозни и обврзувачки ингеренции за афирмација на националните малцинства во Република Албанија. Комитетот за националните малцинства е формиран во 2004 година од страна на албанската Влада како централна институција зависна од Владата, со задача да ја подобри заштитата на малцинствата во земјата. Како што е утврдено и во многу извештаи на меѓународни институции кои се занимаваат со правата на малцинствата, оваа институција во Република Албанија е подложна на политичко мешање. Тоа резултира со нејзина целосна контрола од извршната власт и нејзина трансформација од тело за заштита на малцинствата, во тело штетно за дијалогот меѓу Владата и малцинствата. Затоа, сметаме дека Комитетот за националните малцинства треба да биде независен и активен глас на малцинствата, со способност да учествува во дијалогот со Владата за заштита и подобрување на правата на малцинствата во Албанија, а неговата работа да биде јавна и присутна на медиумите во државата.
Македонско друштво "Илинден"-Тирана останува посветено на борбата за македонско национално малцинство во Република Албанија, за унапредување на положбата и правата на Македонците врз основниот принцип на меѓународното право на еднаква сувереност.
Посебно благодарност сакам да упатам до сите што ја помогнале работата на Македонско друштвото "Илинден"-Тирана во изминативе петнаесет години.
Во чест на 15-годишнината од постоењето на Македонското друштво "Илинден"-Тирана, во својство на негов претседател, сакам да ги повикам сите државни институции, како и сите политички партии и невладиниот сектор во Албанија и Македонија да дадат поддршка на Македонците во Република Албанија, да даваат поддршка во контунитет за решавање на проблемите со кои се сочуваме и да посакаме повеќе текстови за објавување во весникот "Илинден".
Да нѝ се множат годините на успешна работа на Македонското друштво "Илинден"-Тирана, а за неговите постигнувања оставаме повеќе да каже историјата.
Македонците во Република Албанија и Албанците во Република Македонија се мостови на пријателството меѓу двата народа и двете држави.

Да се вечни Македонците во Република Албанија!
Да живее албанското - македонско пријателство!

Со почит,
Никола Ѓурѓај
Претседател на Македонското друштво "Илинден"- Тирана

## PESËMBËDHJETË VJET NGA THEMELIMI I SHOQATËS MAQEDONASE "ILINDEN"-TIRANË

Këtë vit bëhen pesëmbëdhjetë vjet nga dita e themelimit të shoqatës maqedonase "Ilinden"-Tiranë. Shoqata maqedonase "Ilinden"-Tiranë është themeluar më 6 shkurt 2009 dhe regjistruar në Tiranë, me qëllim mbrojtjen e identitetit etnik, gjuhësor, kulturor, fetar, historik të Pakicës Kombëtare Maqedonase në Republikën e Shqipërisë.




Rëndësi të veçantë për punën dhe informacionin për veprimtarinë e Shoqatës maqedonase "Ilinden"-Tiranë ka botimi i gazetës maqedonase "Ilinden", e cila përveç versionit të shtypur ka edhe botim elektronik. Në të botohen aspekte të ndryshme të jetës së maqedonasve në Republikën e Shqipërisë.
Duke pasur parasysh se interesi për punën e Shoqatës maqedonase "Ilinden"-Tiranë ishte vazhdimisht në rritje, dhe banorët maqedonas në Golobërdë, Elbasan dhe Tiranë ishin aktivisht të përfshirë në punën e saj, ishte sfidë hapja e degëve të Shoqatës. Kështu, më 15 tetor 2012, Shoqëria maqedonase "Ilinden"-Tiranë hapi degën e saj në zonën e Gollobordës. Qëllimi i tij është të mbrojë interesat, kulturën dhe traditën e Pakicës Kombëtare Maqedonase në zonën e Gollobordës.
Rritja e Shoqatës maqedonase "Ilinden"-Tiranë vihet re edhe në vitin 2021, kur për qarkun e Elbasanit u emërua kordinator i Shoqatës maqedonase "Ilinden"-Tiranë.
Duke pasur parasysh nevojën e kontaktit me institucionet në atdheun, veçanërisht për të mbështetur projekte të rëndësishme për maqedonasit në Republikën e Shqipërisë, në vitin 2020 është emëruar kordinator i përgjithshëm i Shoqatës maqedonase "Ilinden"-Tiranë për Maqedoninë.
Prezenca shumëvjeçare e Shoqatës maqedonase "Ilinden"-Tiranë në Unionin Federal të Kombësive Evropiane dhe në organizata të tjera ndërkombëtare tregoi nevojën e emërimit të Kordinatorit Ndërkombëtar të Shoqatës maqedonase "Ilinden"-Tiranë, i cili u realizua në vitin 2023.

Shoqata maqedonase "Ilinden"-Tiranë për një periudhën pesëmbëdhjetëvjeçare ka mbajtur takime të panumërta me shumë institucione shtetërore në ekzekutivin dhe pushtetin lokal dhe kemi zgjeruar bashkëpunimin me sektorin joqeveritar, brenda dhe jashtë vendit.
Shoqata maqedonase "Ilinden"- Tiranë është anëtare e Bashkimit Federal të Kombesive Evropiane (FUEN) që nga 16 maj 2015 si dhe pjesë e Grupit të Punës të Pakicave Sllave pranë FUEN. Si pjesëmarrës aktiv në FEUN, anëtarët e Shoqatës deri më tani marrin pjesë në të gjitha kongreset dhe paraqesim rezoluta, shoqata maqedonase "Ilinden"-Tiranë kontribuon si anëtare e barabartë dhe zë i fuqishëm i Pakicës Kombëtare Maqedonase.
Në këto pesëmbëdhjetë vjet, si kryetar i shoqatës maqedonase "Ilinden"- Tiranë, së bashku me kolegët e mi, patëm rastin të bëjmë vizita të shumta pune dhe zyrtare, të takohemi dhe të bashkëpunojmë me institucionet qeveritare në Shqipëri dhe në shtetin amë Maqedoni, si dhe me organizatat ndërkombëtare.
Gjatë të gjitha takimeve të zhvilluara me përfaqësuesit e institucioneve shtetërore në Shqipëri, si dhe në shtetin amë Maqedoni dhe institucionet evropiane, kemi shfrytëzuar çdo mundësi për të shkëmbyer mendime për çështje të rëndësishme për avancimin e pozitës dhe të drejtave të Pakicë Kombëtare Maqedonase në Republikën e Shqipërisë. Ndonëse jo gjithmonë gjejmë një zgjidhje të përbashkët apo të kënaqshme për një problem të caktuar, sërish shpreh mirënjohjen time të duhur për të gjitha institucionet shtetërore në Shqipëri dhe Maqedoni.
Shfrytëzoj rastin për t'i dërguar një kritikë dashamirëse Qeverisë së Republikës së Shqipërisë dhe ministrive dhe organizatave përkatëse që t'i kushtojnë vëmendje të veçantë dhe t'i përgjigjen pozitivisht kërkesës sonë për mësimin e gjuhës amtare maqedonase për fëmijët në zonat e Gollobërdës dhe Gorës, dhe kudo që ka një numër të konsiderueshëm maqedonas.
Kërkojmë nga Qeveria që të ndryshojë organizimin territorial të vetëqeverisjes lokale dhe të pranojë komunat në zonat e Gollobordës dhe Gorës ku jetojnë maqedonas.
Njëkohësisht kërkojmë nga Qeveria e Shqipërisë dhe Maqedonisë funksionalizimin e plotë të pikës kufitare Trebishtë – Xhepishte në zonën e Gollobordës, e cila është e nevojshme që njerëzit të komunikojnë më lehtë në të dyja anët e kufirit.
Pikëpamjet tona për Ligjin për Pakicat Kombëtare në Republikën e Shqipërisë janë të njëjta si përpara miratimit të këtij ligji. E kemi theksuar disa herë se ligji duhet të zgjidhë problemet urgjente të Pakicave Kombëtare në Republikën e Shqipërisë por Ligji i miratuar nuk e ka arritur efektin e duhur. Ai solli probleme shtesë, të cilat janë negative jo vetëm për maqedonasit, por edhe për Republikën e Shqipërisë në tërësi.
I bëj thirrje Komitetit për Pakicat Kombëtare që të tregojë më shumë vëmëndje për Pakicat Kombëtare në Republikën e Shqipërisë dhe të mos jetë në hije. Komiteti duhet të lartësojë pakicat dhe t'i ndihmojë në luftën e tyre për mbijetesë në Republikën e Shqipërisë.
Në të njëjtën kohë, i kërkojmë Qeverisë së Shqipërisë të transformojë, Komitetin për Pakicat Kombëtare, nga një organ konsultativ të Qeverisë në një Agjenci për Pakicat Kombëtare me kompetenca detyruese për afirmimin e Pakicave Kombëtare në Republika e Shqipërisë. Komiteti për Pakicat Kombëtare u krijua në vitin 2004 nga Qeveria Shqiptare si një institucion qendror në varësi të qeverisë, me detyrën e përmirësimit të mbrojtjes së Pakicave Kombëtare. Shumë raporte të institucioneve ndërkombëtare që merren me të drejtat e Pakicave, theksojnë se ky institucion është nën dikim të politikës, duke rezultuar në kontrollin e tij të plotë nga pushteti ekzekutiv dhe shndërrimin e tij nga një organ për mbrojtjen e Pakicave, në një organ të dëmshëm për dialogun ndërmjet Qeveria dhe pakicat. Prandaj, ne besojmë se Komiteti për Pakicat Kombëtare duhet të jetë një zë i pavarur dhe aktiv i minoriteteve, me aftësi për të marrë pjesë në një dialog me Qeverinë për mbrojtjen dhe përmirësimin e të drejtave të Pakicave në Shqipëri dhe se puna e tij duhet të jetë publike dhe prezantuese për mediat në vend.
Shoqata maqedonase "Ilinden"-Tiranë mbetet e përkushtuar në luftën për Pakicën Kombëtare Maqedonase në Republikën e Shqipërisë, për avancimin e pozitës dhe të drejtave të maqedonasve bazuar në parimin bazë të së drejtës ndërkombëtare të sovranitetit të barabartë.
Dua t'u bëj thirrje të gjitha institucioneve shtetërore, si dhe të gjitha partive politike dhe sektorit joqeveritar në shtetin amë Maqedoni që t'u japin mbështetje maqedonasve në Republikën e Shqipërisë, të ofrojnë mbështetje të vazhdueshme për zgjidhjen e problemeve të hidhura që vazhdojnë.
Dëshiroj të shpreh një falënderim të veçantë për të gjithë ata që ndihmuan shoqatën maqedonase "Ilinden"-Tiranë në këto pesëmbëdhjetë vjet.
Për nder të 15 vjetorit të shoqata maqedonase "Ilinden"-Tiranë, dëshiroj t'u bëj thirrje të gjitha institucioneve shtetërore si dhe të gjitha partive politike dhe sektorit joqeveritar në Shqipëri dhe Maqedoni që të mbështesin maqedonasit në Republika e Shqipërisë, dhe ti ofrojnë mbështetje të vazhdueshme për zgjidhjen e problemeve, do të dëshirojmë më shumë tekste të botohen në gazetën "Ilinden". U shumëfishofshin vitet e punës së suksesshme të Shoqatës maqedonase "Ilinden"-Tiranë, dhe për arritjet e saj le të tregojë historia.
Maqedonasit në Republikën e Shqipërisë dhe Shqiptarët në Republikën e Maqedonisë janë ura e vëllazërisë dhe miqësisë mes dy popujve dhe dy vendeve.

Qofshin të përjetshëm maqedonasit në Republikën e Shqipërisë!
Rroftë miqësia shqiptaro - maqedonase!

Me respekt,
Nikolla Gjurgjaj
Kryetar i Shoqatës Maqedonase ''Ilinden"-Tiranë

## МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА ЈА ДОДЕЛИ НАГРАДАТА “ИЛИНДЕН” И БЛАГОДАРНИЦАТА “ИЛИНДЕН” ПО ПОВОД ПЕТНАЕСЕТГОДИШНИНАТА ОД ПОСТОЕЊЕТО



Македонско друштво “Илинден“-Тирана доделува благодарници и награда на лица и институции за нивните особени заслуги за ангажман и перманентните активности во насока на зачувување и одржување на македонскиот идентитет на припадниците на македонското национално малцинство во Република Албанија. Во таа насока, наградата “Илинден” и благодарница “Илинден” по повод петнаесетгодишнината од основањето на Македонско друштво “Илинден“-Тирана, неговите Управни органи и претседателот г-дин Никола Ѓурѓај, донесоа Одлука за доделување на овие престижни признанија. Така и оваа година беа предложени повеќе лица за добивање на благодарница “Илинден” и награда “Илинден”. Од предложените беа избрани лица, кои со својот ангажман придонеле за подобрување и дисперзија на сознанијата за животот, историјата, културата и зачувување на автентичната македонска традиција на македонското население во Албанија. Благодарниците и наградата “Илинден” ги доделува и врачува лично претседателот на Македонско друштво “Илинден“-Тирана.

**Оваа година Награда “Илинден” му се доделува на:**

1. **„Нова Македонија“**- Првиот дневен весник на македонски јазик од далечната 1944 година, Скопје, Република Македонија.

**Оваа година Благодарница “Илинден” се доделува на:**

1. **Г-дин Јован Шкмби** - Советник на Македонска алијанса за европска интеграција во Советот на Општина Поградец и претставник во Советот на Округот Корча;
2. **Д-р Весна Мојсова-Чепишевска** - Редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, поранешен директор на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Република Македонија;
3. **М-р Иван Антоновски** - Асистент на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Република Македонија;
4. **Г-дин Живко Лазаров** - Претседател на Македонски клуб “Илинден”-Лацен, Германија;
5. **Г-дин Дејан Костески** - Претседател на Ракометен клуб “Енхалон“, Струга, Република Македонија;
6. **Г-дин Далибор Станковиќ** – Новинар во „Нова Македонија“, Скопје, Република Македонија.

Претседателот на Македонско друштво “Илинден“-Тирана г-дин Никола Ѓурѓај им ги честитаат наградата и благодарниците на добитниците за 2024 година со надеж дека истите ќе послужат како поттик за натамошен ангажнман на наградените во нивната досегашна определба да работат во интерес на вистината за животот и ангажманите на Македонците во Република Албанија.

## ПОСЛЕДЕН ПОЗДРАВ НА ФОТЕ НИКОЛА, ИСТАКНАТ МАКЕДОНСКИ АКТИВИСТ И БОРЕЦ ЗА ПРАВАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО АЛБАНИЈА




На 11 февруари 2024 година, на 78-годишна возраст, во Тирана почина Фоте Никола – истакнат македонски активист и борец за правата на Македонците во Република Албанија. Фоте Никола е роден на 4 март 1946 година во село Шулин, во областа Мала Преспа. Тој беше уредник на програмата на македонски јазик во Радио „Корча“, од самиот нејзин почеток во 1991 година. Од 2005 до 2014 година, Фоте беше член на Комитетот на малцинствата при Владата на Република Албанија, застапувајќи го македонското национално малцинство. Беше автор на повеќе учебници на македонски јазик за македонските ученици во Албанија. Фоте е автор и на книгата “Литературни творци од македонското малцинство во Албанија”, објавена на македонски и албански јазик. Тој, исто така, беше задолжен за издавање на реобјавената верзија на „Речник албански-македонски“ од Никола Беровски. Фоте беше автор бројни статии за положбата, образованието, фолклорот и традициите на Македонците во Албанија. Беше член на Централниот комитет на единствената македонска партија Македонска алијанса за европска интеграција (МАЕИ) и почесен советник на дипломатската мисија за мир и просперитет во Тирана. Фоте Никола даде голем придонес во унапредување на правата на Македонците во Албанија. Неговата посветеност за подобрување на животот на македонската заедница во Албанија ќе продолжи да живеат во срцата на оние кои го познаваа и сакаа.

Нека му е вечна славата.

## ТЕЛЕГРАМА ОД МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА СО СОЧУВСТВО ДО ФАМИЛИЈАТА НА ФОТЕ НИКОЛА

По повод смртта на еден од најголемите активисти и борци за правата на Македонците во Република Албанија, Фоте Никола, телеграма со сочувство до семејството испрати Македонско друштво “Илинден”-Тирана. Македонско друштво “Илинден”-Tirana со длабока тага ја прими веста за смртта на Фоте Никола, нашиот истакнат македонски активист и борец за правата на Македонците во Република Албанија. Дозволете ми, во името на членовите на Македонско друштво “Илинден”-Тирана и во свое име, како и во име на членови на македонското национално малцинство во Република Албанија, да изразам искрено сочувство до вас. Смртта на Фоте Никола е голема загуба за вашето семејство, но и за македонското национално малцинство во Република Албанија. Доколку се има предвид изреката дека луѓето живеат додека се спомнуваат, ние веруваме дека Фоте ќе биде сред нас уште долго благодарение на неговите пишани и направени дела. Господ да го прости, а на неговата душа нека ѝ дари Царство небесно, каде што почиваат душите на праведниците.
Нека му е вечна славата.

## МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА: ОТВОРАЊЕТО НА ВОННАСТАВНИТЕ МОДУЛИ НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК, ИСТОРИСКИ ДЕН ЗА МАКЕДОНЦИТЕ ВО АЛБАНИЈА




На 18 јануари 2024 година, според Македонското друштво “Илинден“-Тирана е историски ден за Македонците во Република Албанија, поради свеченото отворање на воннаставни модули на македонски јазик, литература и култура на Универзитетот во Тирана. Потсетуваме дека иницијативата реактивирање на лекторатот по македонски јазик во Тирана беше отпочната во декември 2022 година, кога беше остварен работен состанок со тогашната директорката на МСМЈЛК при УКИМ, проф. д-р Весна Мојсова-Чепишевска и претседателот на “Илинден“, Никола Ѓурѓај. По заложбите на МСМЈЛК при УКИМ и остварените дипломатски залагања, остварувањето на иницијативата се засили на средбата во мај 2023 година во Тирана кога беше потврдена взаемна подготвеност, не само за повторно отпочнување настава по македонски јазик, во академската 2023/2024 година, туку и за заеднички натамошни заложби за афирмација на македонистиката во Тирана и за постојано развивање на соработката. Тоа отвора можности за брз развој на лекторатот и постепено создавање услови на Факултетот за странски јазици во Тирана да има и посебен студиум по македонистика. Претходно, МСМЈЛК при УКИМ, на Факултетот за странски јазици во Тирана му подари повеќе изданија – учебници и зборници со предавања и научни трудови за македонскиот јазик, литература и култура, со кои веќе почна да се оформува македонистички дел во фондот на факултетската библиотека, достапен за сите студенти и професори на Факултетот. Голема благодарност до Унверзитотот „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје и Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура и целокупната поддршката од поранешната директорката, професорката Весна Мојсова – Чепишевска. Во исто време голема благодарност до Универзитетот во Тирана и до Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и деканката на Факултетот за странски јазици проф. д-р Есмералда Кромида, наведува друштвото. Од Друштвото посочуваат дека лекторатот по македонски јазик ќе биде клучен за унапредување на културните врски меѓу двата народа и двете држави, за развивањето на добрососедските односи и за градењето нови мостови на соработка меѓу македонската и албанската академска научна средина.
Нека му е вечна славата.

## МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА И РАКОМЕТНИОТ КЛУБ “ЕНХАЛОН“ ОД СТРУГА ДОНИРАА ПАКЕТЧИЊА ЗА ДЕЦА ВО ТРЕБИШТЕ, ГОЛО БРДО

Македонско друштво “Илинден“-Тирана и огранокот во Голо Брдо во соработка со Ракометниот клуб “Енхалон“ од Струга и поддршка од Хуманитарна организација “Свети Спас” од Скопје, Македонија ја реализираа заедничка донација во Требиште областа Голо Брдо. Посебно здоволство е што за Македончињата во Требиште во областа Голо Брдо добија 50 новогодишни пакетчиња кои предизвикаа радост кај децата, а воедно беше посведочено дека македонското население во Голо Брдо не е заборавено од хуманите луѓе во матичната држава. Ваквата акција беше спроведена врз основа на потпишаниот Меморандум за соработка меѓу Македонско друштво “Илинден“-Тирана и Ракометниот клуб “Енхалон“

од Струга. Македонско друштво “Илинден“-Тирана упатува благодарност до г-дин Дејан Костески претседател на Ракометен клуб “Енхалон“ од Струга, и голема благодарност до донаторот на новогодишните пакетчиња, Хуманитарна организација “Свети Спас” од Скопје, Македонија.



## МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА ДОНИРАШЕ ВО БИБЛИОТЕКАТА НА АЛБАНСКИОТ ПАРЛАМЕНТ ПРИМЕРОЦИ ОД ФОТОАЛБУМОТ „НАРОДНИ НОСИИ НА МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО МАЛЦИНСТВО ВО АЛБАНИЈА“, ОД БРОШУРАТА НА РАБОТНАТА ГРУПА НА СЛОВЕНСКИТЕ МАЛЦИНСТВА ПРИ ФУЕН И ПРИМЕРОЦИ ОД ВЕСНИКОТ “ИЛИНДЕН“




Македонското друштво “Илинден“-Тирана во библиотеката на Собранието на Република Албанија донираше изданија од македонскиот весник “Илинден“, како и други изданија објавени од Друштвото. По претходната донација, сега Друштвото ги донира новите броеви на весникот од 57 до 60 издание, фотоалбумот „Народни носии на македонското национално малцинство во Република Албанија“ на албански и на македонски јазик. Предмет на донација беше и брошурата на работната група на словенските малцинства (АГСМ) при ФУЕН која за прв пат се објавува, покрај другите, и на македонски јазик на кирилично писмо. Ова е последователна донација од страна на Македонското друштво “Илинден“-Тирана, со цел библиотеката на албанското Собрание да биде снабдена и со литература на македонски јазик. Напомнуваме дека, претходно освен изданија на Весникот, беа донирани и брошурите „Резолуции на Македонското друштво ‘Илинден‘-Тирана – изгласани од ФУЕН“ и „Македонците во Република Албанија и Македонското друштво ‘Илинден‘-Тирана“ отпечатени на македонски, албански и англиски јазик. Дел од досегашните донации се и примероци од разгледницата со народни носии на етничките Македонци во Албанија, на која се поставени 10 фотографии со Македонци облечени во народни носии. Брошурата содржи шестносии од Голо Брдо, две од Гора и по една од Врбник и Мала Преспа, со пригоден текст на македонски и албански јазик. Друштвото искажува особена благодарност до г-ѓа Линдита Никола, претседател на Собранието на Република Албанија која го прифати барањето за доставување на донациите за библотеката. Искажуваме благодарност и до Лидра Бушати, директор на Службата за публикации и собраниската библиотека за професионалноста и досегашната одлична соработка.

## МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА СО ОСТРА ОСУДА ЗА ИНСИСТИРАЊЕТО НА БУГАРСКИОТ ПРЕТСЕДАТЕЛ РУМЕН РАДЕВ, КОЈ ВО ОБЛАСТА ГОРА БАРА ОД КОСОВСКИТЕ ВЛАСТИ ПРИЗНАВАЊЕ БУГАРИ НА КОСОВО ВО ПРЕДЕЛИ КАДЕ ЖИВЕАТ МАКЕДОНЦИ




Македонско друштво “Илинден”-Тирана го изразува своето жалење затоа што официјална Софија ја продолжува својата антимакедонска пропаганда меѓу Македонците во областа Гора, Република Албанија и во Република Косово, обидувајќи се да ги претстави како “Бугари“. Македонско друштво “Илинден”-Тирана, многупати досега се заслага за вистината, според која Македонците во областа Гора се неотуѓив и нераскинлив дел од македонскиот народ! Нивната самосвест е македонска, а обидите на бугарската политика да го обезличи и побугарчи ова македонско население се остваруваат со уцени и подведувања за подобрување на нивниот социјален статус и економска положба со делење на бугарски пасоши, со ветувања за стипендии за студирање на младите Македонци. Цената на тие бугарски „услуги“ се сведуваат на потпишување изјава на Македонците дека се Бугари и дека и нивните предци биле Бугари. Македонците во облста Гора никогаш не биле, ниту своеволно би биле “Бугари“! Срамен, недемократски и антиевропски е потегот на бугарскиот претседател Румен Радев да го уценува косовскиот политички врв да ги признае непостоечките Бугари во Република Косово. Секако, ваквиот негов потег е веќе виден во Република Албанија каде со уцени и закани по европската иднина на државата, Бугарија наметна признавање на непостоечки Бугари во Законот за малцинства од 2017 година, во Република Албанија. Македонско друштво “Илинден”-Тирана ги повикува европските

институции да ги запрат уцените од страна на бугарската држава кон други држави со заканите за вето за нивната интеграција во Европската Унија. Македонско друштво “Илинден”-Тирана апелира Владата на Република Косово да превземе сериозни мерки во насока на грижа за положбата и правата на припадниците на македонскиот народ во Република Косово и да не дозволи признавање на непостоечко бугарското малцинство во Република Косово. Македонско друштво “Илинден”-Тирана го потсетува бугарското раководство дека македонската нација е историски факт и дека нам не ни треба одобрение од други држави за да се изјасниме дека сме тоа што сме.

## КУЛТОТ НА СВЕТИ НАУМ ВО АЛБАНИЈА




Свети Наум Охридски Чудотворец (о. 830 – 23 декември 910) средновековен научник, писател, учител, и еден од основоположниците на словенската писменост и македонската писменост и просвета. Денес неговите мошти се изложени во по него наречениот манастир „Св. Наум“. Како светец од исклучително значење за православието, споменот на Свети Наум се почитува и во Албанија, каде нему му се посветени многу икони и фрески. Така, во Музејот на средновековна уметност во Корча се наоѓа икона на Свети Наум, насликана од иконографот Никола Гуга во 1759 година.Нека му е вечна славата.



Фрески на Свети Наум има на јужните страни на црквите “Св. Атанас” и “Св. Никола” во Москополе. Негова фреска има и во црквата Свети Михаил во Москополе.



Икона на Свети Наум се наоѓа во црквата Свети Ѓорѓија во селото Шипска. Во црквата на “Св. Кузман и Дамјан” во Виткуќ во Корча, има фреска на Свети Наум каде се појавува заедно со Никодин Виткуќари.



Свети Наум е дел од култот на седумте словенски светители, кои се насликани во многу цркви во Албанија. Најстарата фреска која го прикажува култот на седумте светци „Οι άγιοι Επτάριθμοι“ е во манастирот Свети Наум. Фреската датира од 1806 година и е насликана од Терпо Зограф.



Икона на седумте светци се наоѓа во музејот Онуфри во Берат. Иконата е насликана во 1812 година од Јоан Четири. Во манастирот Арденица, Фиер има фреска на седумте словенски светители со димензии 1.5 x 2 м. Фреската е насликана од Костандин и Атанас Зограф во 1744 година. Други фрески со седумте словенски светители може да се најдат во црквите Либофша и Ванај во Музеќе. Една фреска е во манастирот “Св. Петар и Павле” во Виткуќ, која датира од 1764 година.

Андре Лукани

## ЗАПОЧНА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ИПАЗ ПРОГРАМАТА ЗА ПРЕКУГРАНИЧНА СОРАБОТКА МЕЃУ МАКЕДОНИЈА И АЛБАНИЈА



Министерството за локална самоуправа, Државна агенција за стратешко програмирање и координација на помош (SASPAC) на Албанија и Европската Унија, во Охрид официјално го означија почетокот на имплементацијата на ИПА 3 Програмата за прекугранична соработка меѓу Македонија и Албанија, преку која се обезбедени 13,79 милиони евра за проекти, за периодот до 2027 година.
Целта на програмата е промовирање на одржлив развој, заштита на животната средина и социо-економски раст, со фокус на подобрување на прекуграничниот регион преку одржлив туризам, културно наследство и иницијативи за адаптација на климатските промени.
На настанот присуствуваат претставници на општините и на граѓански здруженија од двете држави. Претставниците од Оперативните структури на двете земји, како и од Делегацијата на ЕУ во Скопје ги информираа учесниците за целите на програмата, како и за начинот на имплементација. Притоа беше истакнато како корисно искуството и успехот на програмата од ИПА вториот програмски период.
Финансирањето е стратегиски поделено меѓу областите заштита на животната средина 6,3 милиони евра, одржлив туризам и културно наследство 6,3 милиони евра, и техничка помош во висина од 1,19 милиони евра за поддршка на имплементацијата на програмата ИПА 3 која има за цел да ги подобри условите на живеење и да создаде нови можности за општините и за граѓаните од пограничниот регион.
Со покривање до 85% од трошоците од страна на ЕУ, оваа иницијатива ја истакнува важноста на соработката во адресирањето на регионалните предизвици и засилување на локалното управување.
Настанот се одржа во Службата за спасување во планини, на Црвениот крст во Охрид, во организација на Заедничкиот технички секретаријат и Антената во Албанија.

## ТИРАНА Е ПРОГЛАСЕНА ЗА МЕДИТЕРАНСКА ПРЕСТОЛНИНА НА КУЛТУРАТА И ДИЈАЛОГОТ ЗА 2025 ГОДИНА




Тирана денеска официјално беше прогласена за Медитеранска престолнина на културата и дијалогот 2025 година, а за дочек на уште една важна година за главниот град, општина Тирана организираше забава со учесници кои го претставуваат светот на уметноста и културата. 2024 година ќе биде подготвителна година за примена на титулата „Тирана, медитеранска престолнина на културата и дијалогот" во 2025 година.

Градоначалникот на Тирана, Ерион Велиај во својот говор рече дека главниот град има значајни титули и тоа е благодарение на безусловната соработка на сите.

„Ако го споделиме умот дека ќе соработуваме, целиот град ќе заживее со извонредна енергија. Кога ја започнавме оваа работа, и во владата и во општината, Тирана имаше слаб културен живот. Се подготвивте, дури и за настан за 2-3 недели или еден месец. Денеска многу од колегите ќе ја завршат активноста овде и ќе одат на нивните сцени или во нивната галерија. Се сеќавам дека истото беше и со Уметничката галерија. Денес, кога ќе слушнете дека имаме и изложби од Јапонија во Уметничката галерија, навистина разбирате дека имаме во наши раце да ги допреме и промениме овие реалности. Верувам дека е само прашање на време кога целиот свет ќе забележи. Денеска гласавме едногласно од 43 земји, гласаа 43 министерства за надворешни работи и 4000 организации кои се дел од мрежата на Унијата на Медитеранот, во ситуација која не е идеална ситуација за Медитеранот. Тирана мора да служи како мост кон Медитеранот, мисијата што ни е доделена не е само да бидеме одлична година на песна и игра во Тирана, туку оваа година ќе биде можност да ја претвориме Тирана во махагони, во агора, во пазар, медитеранска сцена за поврзување на луѓето", рече Велиај.

Потоа рече дека ова ќе биде година на културата за Тирана и за Албанија. Во меѓувреме, тој додаде дека е дојдено време да се врати биеналето во Тирана.

„Денес Културната заедница можеби одобрила над 100 проекти во културата и спортот. Сакаме да продолжиме во овој дух. Овој град ја заслужува оваа титула, овде ги подигаме нашите семејства, овде ги живееме нашите животи, овде видовме многу промени, овде не е сè совршено, но имавме можност да промениме мали реалности. Формулата на успехот на нашиот град е само кога ќе се поддржуваме, само кога ќе си кажеме браво, напред, ние сме со вас, ќе навиваме за секоја опера, за секоја претстава, за секој филм, за секој театар, за секоја изложба, за секоја дигитална уметност и за секој можен концерт, да му дадеме живот на овој град, да произведеме економија и секако, да го зголемиме имиџот на нашата земја и нашиот народ. Ви благодарам на сите од се срце", рече Велиај.

Државниот министер за локална самоуправа Арбјан Мазнику изјави дека денеска напредокот во Тирана е извонреден. Тој нагласи дека градот сега има стабилен идентитет и центар за култура и дијалог на Медитеранот.

„Денес сме во момент во кој Тирана, откако беше европска престолнина на младите, беше европски град на спортот, денес во оваа година во текот на 2024 година ја предводи мрежата на балкански општини и во 2025 година ќе биде медитеранска престолнина на културата. . Напредокот на градот е извонреден. Сега не само што имаме стабилен идентитет, имаме стабилна култура, туку имаме можност тоа да го зрачиме надвор од нас и да бидеме центар за култура и дијалог за целиот Медитеран", рече тој.

Бленди Гонџе, министер за економија, култура и инвазија, рече дека општина Тирана е генератор на уметничко и културно движење.

„Ова е важен момент за градот и за градоначалникот, мојот колега, мојот пријател, мојот шеф. Денеска сме сострадачи во одредена насока затоа што треба заедно да инвестираме за културата и уметноста. Мора да инвестираме заедно за креативна економија, за рекреативна уметничка индустрија, но и за се што е поврзано со градот, кој му припаѓа на народот. Добредојдени сте да не најдете и драго ни е што се наоѓаме во главниот град кој денес се натпреварува да биде регионален претставник, зошто да не и европски и мораме сите да направиме што е можно за да го подигнеме уште повисоко ова име што денес го доби Тирана. ", изјави Гонџе.

## ЗАПЛЕНЕТИ НАД 600 ПРЕДМЕТИ УКРАДЕНИ ОД ЦРКВИ



Дел од нив ќе се вратат во земјата на потекло. Сите овие предмети што ги гледате се пронајдени благодарение на полициските операции, бидејќи се украдени. Сѐ што е извлечено се чува во фондот на Националниот институт за регистрација на културно наследство, каде досега бројот на запленети предмети достигна над 600.
Сите предмети кои се идентификувани од каде се однесени, се вратени во нивното потекло, како што се овие 10 икони украдени од црквата во Лабова во Ѓирокастро и 20 икони во Македонија. Но, има и други предмети кои иако се идентификувани, не можат да се вратат бидејќи се отуѓени. Најлош случај е враќањето на иконостасите во плакарите кои се продаваа по високи цени.
Ја имаме вратата од црквата Свети Коли во Фиер која е претворена во плакар или дел од иконостасот на црквата Свети Танаси во Каравастa кој е претворен во мебел“, изјави Анџела Хоџа, специјалист во ИКРТК.
Оние кои станаа плен на кражби и вандализам се култни предмети и главно визуелни уметнички дела или археолошки предмети од нелегални истражувања.
Верските институции во Албанија немаат многу добра документација или складирање и полесно стануваат плен на оваа трговија“, рече специјалистот.
Но, има и случаи, особено кога колекционерите станале плен на измами, и купувале предмети кои се продаваат како оригинали по високи цени.
„Ова е всушност само имитација на печатена хартија што создава идеја дека се работи за оригинален предмет“, вели Хоџа.
Што се однесува до сите предмети чие потекло не е идентификувано, тие ќе останат во фондот на ИКРТКС, кој долгорочно има за цел да создаде музеј со запленетите предмети.

**ИМПРЕСУМ:**

Издавач: Македонско друштво “Илинден”-Тирана
Главен и одговорен уредник: Никола ЃУРЃАЈ
Лектура: Естела КАРАМЕШИНОСКА
Компјутерска обработка: Анита МИЛЕВСКА
Печати: Печатница Абази - Тирана
Фотографии: Редакција на Македонски весник “Илинден” и Македонско друштво “Илинден”-Тирана
Адреса: Rruga “Mihal Grameno“ Nr. 167, Tirana, Albania
Телефон: +355 69240 1778
E-mail: drustvo.ilinden.tirana@live.com
www.ilinden-tirana.com
www.vesnik-ilinden.com

**© Македонски весник “Илинден” - Сите права се задржани. Не е дозволено копирање, умножување или понатамошна репродукција или дистрибуција на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без претходно добиено одобрение од издавачот.**



Црква Св.Димитрија село Горно Крчиште,
областа Полени – Маќелара